## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
### ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ


# ЕУ НОВОСТИ


**Број - 1**

октомври - ноември

2009

СКОПЈЕ

## НОВА ДИРЕКТИВА ЗА НАБАВКИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Новата Директива 2009/81/ЕЗ за набавки во областа на одбраната и безбедноста влезе на сила на 21 август 2009. Директивата е темел на вистинскиот Европски одбранбен пазар поддржувајќи го развојот на Европската снабдувачка база поврзана со одбраната. Досега поголемиот дел на одбрамбени и чувствителни безбедносни договори за набавка беа исклучени од Внатрешниот пазарен правилник.

Една од причините за ова е тоа што постоечките правилници за набавки во ЕУ се сметаат за несоодветни за повеќето одбрамбени и безбедносни набавки. Новата директива значително ќе ја подобри оваа состојба преку овозможувања на правила кои се соодветни за договорите на безбедноста и сигурноста. Земјите-членки во моментов ги имаат на располагање правилницте на Заедницата, кои може да се применат на комплексни и на осетливи трансакции без ризик за законски безбедносни интереси.

Новата Директива отвора Внатрешен пазар за производи во безбедноста и сигурноста преку воведување на компетитивни правила за набавки приспособени на потребите на овие високо чувствителни сектори.

Вторник, 13 октомври 2009 година

## КОПЕНХАШКИ ДОГОВОР ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ



Нов договор за справување со климатските промени е во фаза на подготовка за кој се водат меѓународни преговори. Преговорите треба да бидат склучени на климатската конференција која ќе се одржи во Копенхаген во периодот од 7 до 18 декември 2009 година. Договорот ќе влезе во сила во 2012 година, кога истекува Протоколот од Кјото.

Оваа година во Бон, Германија, се одржани три официјални подготвителни седници кои се однесуваат на договорот кој ќе се склучи во Копенхаген. Втората рунда подготвителни седници се одржаа во Банког од 28 септември до 9 октомври оваа година, а последната рунда подготвителни седници ќе се одржат во Барселона од 2 до 6 ноември 2009 година.

Договорот од Копенхаген е неопходен за наоѓање решение за намалување на емисиите на јаглероден диоксид, што претставува најголема опасност за зголемување на глобалното затоплување.

Ставот на Европската унија е да се донесе сеопфатен договор кој ќе го спречи глобалното затоплување да достигне до опасното ниво - повеќе

од 2°C над температурата од прединдустрискиот период. Просечната глобална температура веќе е речиси 0,8°C повисока од онаа од прединдустрискиот период. За да се намали глобалното затоплување е потребно да се намали емисијата на гасови од 25 до 40% до 2020 година, а до 2050 година нивото на јаглероден диоксид да се намали за 50%, односно да се спушти под нивото што беше во 1990 година.

На 10 септември 2009 година Европската комисија предложи глобален план за зголемување на меѓународните финансии кои ќе им помогнат на земјите во развој за адаптација кон климатските промени.

## ТЕСТИРАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА МАЈКРОСОФТ ЗАРАДИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МРЕЖНИ ПРЕБАРУВАЧИ ПО ИЗБОР НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Европската комисија ги поканува потрошувачите, софтверските компании, производителите на компјутери и останатите заинтерсирани страни да дадат коментари за предлогот на Microsoft кој треба да им овозможи на постојните и идните корисници на оперативниот систем Windows поголем избор при користењето мрежни пребарувачи.

Европската комисија на 15 јануари 2009 година изрази загриженост во однос на можноста Microsoft да ги прекрши правилата од Договорот на Европската Заедница и да ја злоупотреби доминантната позиција (член 82) со тоа што ги обврза корисниците на оперативниот систем Windows да го користат пребарувачот Internet Explorer. Во јули 2009 година Microsoft подготви дополнета верзија на предлогот кој го предаде на Комисијата.

Дополнувањата се однесуваат на подобро информирање на корисниците на мрежни пребарувачи, карактеристиките на секој од пребарувачите, подобрени услуги за корисниците и можност Комисијата да направи ревизија за да се осигури дека предлозите се навистина во корист на корисниците.

Заинтересираните страни можат да ги поднесат своите забелешки во рок од еден месец, до 09 ноември 2009 година.

Комисијата го поздравува предлогот на Microsoft поради можноста да им се понуди вистински избор на европските потрошувачи, за пристап и користење на интернет. По испитувањето на пазарот Комисијата може да донесе одлука согласно член 9 од Регулативата 1/2003 на Советот, за имплементација на правилата за конкуренција регулирани со членовите 81 и 82 од Договорот на Европската Заедница, со што овие подобрувања ќе бидат обврзувачки за Microsoft.

Комисијата исто така ги поздравува подобрувањата на полето на интероперабилното информирање, што Microsoft ќе го објави на својот веб сајт за да биде достапно за јавноста.

Вторник, 13 октомври 2009

**СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ИЗВЕШТАИ ЗА НАПРЕДОКОТ ЗА 2009**

На 14 октомври 2009 Европската комисија ќе го усвои годишниот стратешки документ кој се однесува на политиката на ЕУ за проширување. Документот го содржи постигнатиот напредок во изминатите 12 месеци, на земјите кандидати Хрватска, Република Македонија и Турција, како и потенцијалните земји кандидати Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово.

Извештаите на Европската комисија за напредокот за 2009 година даваат оценка за достигнувањата на секоја земја кандидат и потенцијалните кандидати во текот на мината година.

Информациите од "пакетот за проширување" содржат и повеќегодишна финансиска рамка која ја поставува финансиската помош достапна за реформските напори на земјите кандидати и потенцијални кандидати за следните неколку години.

14 октомври 2009 година

**ПРОЦЕС НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА: ГОДИНА НА НАПРЕДОК НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА**



Денеска Европската комисија ја усвои Годишната стратегија за проширувањето на ЕУ, за напредокот на земјите од Западен Балкан и Турција.

Во рамките на постигнатиот напредок, Комисијата одлучи да препорача отворање на преговори со Република Македонија.

Република Македонија оствари значаен напредок и суштински се осврна на клучните приоритети на партнерството за пристапување. Комисијата смета дека земјата доволно ги исполнува политичките критериуми од Копенхашкиот Европски совет во 1993 година, Процесот за стабилизација и асоцијација, и поради тоа одлучи да препорача отворање на пристапни преговори.

Визната либерализација за граѓаните на Република Македонија, Црна Гора и Србија на почетокот на 2010 година ќе донесе вистински придобивки за граѓаните.

Презентирајќи го пакетот на проширувањето, Комесарот за проширување Оли Рен истакна дека: „Стратегијата за проширувањето претставува доказ на нашата обврска за европска иднина на земјите на Западен Балкан и Турција".

22 октомври 2009 година

**РУРАЛЕН РАЗВОЈ: ОДОБРЕНИ НАЦИОНАЛНИ/РЕГИОНАЛНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЗАЕДНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА И ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКО ЗАКРЕПНУВАЊЕ**

Комисијата за рурален развој го одобри првиот бран на предлози од земјите членки/регионите на ЕУ за користење на средствата од Фондот за рурален развој на Европската унија. Земјите членки/регионите на ЕУ поднесоа амандмани на Програмите за рурален развој за да обезбедат користење на дополнителни средства предвидени според Заедничката земјоделска политика и Европскиот план за економско закрепнување, што беше договорено во ноември 2008 година.

Дополнителните средства изнесуваат 4,4 милијарди евра и според Програмите за рурален развој треба да бидат потрошени во периодот од 2009 до 2013 година. Земјите членки/регионите на ЕУ ги определија нивните приоритети, меѓу кои беа предвидени климатските промени, реструктуирање на млечната индустрија и мрежно поврзување на руралните подрачја.

**Опции за искористување на средствата**

Заедничката земјоделска политика ќе обезбеди дополнителни 3,4 милијарди евра за земјите членки/регионите на ЕУ преку нивните програми за рурален развој за периодот од 2010 до 2013 година за следниве области: климатски промени, управување со водите, обновлива енергија, биодиверзитет, реструктуирање на млечната индустрија и иновации поврзани со наведените области. Европскиот план за економско закрепнување ќе обезбеди дополнителни средства во износ од 1 милијарда евра за мрежно поврзување на руралните подрачја и за другите наведени приоритети.

28 октомври 2009 година

## ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ПРЕДЛОЖИ НОВО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ НА ЕМИСИЈА НА ЈАГЛЕРОДЕН ДИОКСИД (CO2) КАЈ ЛЕСНИТЕ КОМЕРЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА




Оваа легислатива претставува уште еден важен чекор за ЕУ во справувањето со климатските промени, реафирмација на обврските и лидерството ЕУ, пред одржувањето на Конференцијата во Копенхаген. Со оваа мерка ќе се оствари значајна заштеда на потрошувачите на горива и стимулирање на иновациите во индустрискиот сектор.

Процесот ќе се одвива етапно, во периодот од 2014 до 2016 година со цел долгорочно намалување на емисијата на CO2 на 135 g/km до 2020. Ова претставува еден од елементите на Стратегијата на ЕУ за подобрување на заштедата на горивата за лесни комерцијални возила (товарни автомобили и комбиња) кои на територијата на ЕУ емитуваат околу 12% од вкупниот CO2.

Предложеното законодавство е тесно поврзано со законодавството за емисијата на CO2 кај патничките возила (Регулатива 443/2009/EC). Дозволената граница на емисија на CO2 се утврдува според тежината на возилата. Регулативата предвидува казни за производителите на возила кои ќе ги надминат вредносните прагови на ограничувањето. Овој предлог на ЕК е со цел да се обезбеди европска конкурентност преку стимулирање на развојот на иновативни автомобилски технологии. За идните возила со крајно ниско ниво на емисија на CO2 (под 50 g/km) ќе бидат обезбедени дополнителни стимулации до 2018 година. Предлогот ќе биде доставен до Советот на ЕУ и до Европскиот парламент.

Петок, 30 октомври 2009

## ЕКОЕФИКАСНА ЕКОНОМИЈА



На 21 октомври 2009 година Советот на Европската унија усвои заклучоци со кои се препорачува дека прашањата од областа на животната средина кои се вклучени во Лисабонската агенда за периодот после 2010 година, како и Стратегијата на ЕУ за одржлив развој, треба детално да се разгледаат.

Министрите за животна средина нагласија дека моменталната состојба со екологијата треба да се

земе како шанса за насочување кон еко- ефикасна економија, при што производството не треба да ја загрозува животната средина. Ова ќе ја подобри благосостојбата на сите граѓани, а истовремено ќе ја намали потрошувачката на енергија, природните ресурси и факторите кои влијаат негативно врз здравјето на луѓето, животната средина, а особено на екосистемите и климатските промени.

Преминот кон еко-ефикасна економија отвора нови можности во стопанисувањето и може да ја поттикне конкурентноста во Европската унија и да го стимулира вработувањето. Во областите како што се градежништвото и домувањето, транспортот, обновливата енергија и рециклирањето, земјите членки на ЕУ треба да донесат стратегија за вработување и обука за да се намалат моменталните празнини во стручната усовршеност на вработените и да поттикнат формирање на нови работни места поврзани со екологијата.

3 ноември 2009 година

## ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР ВЛЕГУВА ВО СИЛА НА 1 ДЕКЕМВРИ 2009 ГОДИНА




Со потписот на претседателот на Чешката Република, г. Вацлав Клаус, на Договорот од Лисабон, надмината е последната пречка, сите земји-членки на ЕУ го ратификуваа текстот на Договорот.

Лисабонскиот договор ќе влезе во сила на 1 декември 2009 година. Со цел да се финализираат завршните подготовки на Договорот, шведскиот премиер и одговорен за работата на Шведското претседателство со ЕУ, г. Фредрик Реинфелд, што побргу ќе побара да се одржи состанок на ЕУ.

Кога сите договори се потпишани, инструментите на ратификација, ќе се пренесат до Министерството за надворешни работи на Италија. Сите меѓународни спогодби или договори имаат тело, организација или држава што се грижи за инструментите за ратификација.

Од 1957 година Италија ја има улогата на депозитар, што значи дека е одговорна за приемот и потврдувањето на документите, како и информирање на земјите-членки на ЕУ за сè што се случува во врска со документите.

10 ноември 2009 година

## ЕВРОБАРОМЕТАР ИСПИТУВАЊЕ - СОГЛЕДУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА



Според последниот преглед на Европската комисија, секој шести Европеец тврди дека имал лично искуство со дискриминацијата во изминатата година. Околу 64% од Европејците се загрижени дека рецесијата ќе придонесе за поголема дискриминација на пазарот на труд. Во 2009 година околу 16% од европските граѓани пријавиле дискриминација врз основа на раса, пол, возраст, религиозна припадност, посебни потреби и сексуална ориентација, на исто ниво како и во 2008 година. Најважните фактори кои влијаат на поттикнување на дискриминација кај луѓето се образованието и социјалната состојба.

Според комесарот за еднакви можности, г.Владимир Шпидла, потребни се дополнителни напори за подигнување на јавната свест на луѓето за нивните права за подеднаков третман, особено на национално ниво.

Шведското претседателство со ЕУ и Европската комисија на 16 и 17 ноември 2009 година во Стокхолм ќе организираат Трет ЕУ самит за рамноправност. Овој годишен настан има за цел да ги подигне прашањата од областа на дискриминацијата и различностите кон врвот на агендите на ЕУ и на националните влади, како и можност да се споделат искуствата заради поефикасно дејствување против сите видови на дискриминација.

Подигањето на јавната свест е долгорочен процес кој бара заеднични напори на европско и национално ниво, вклучително и на националните тела за еднаквост. Од 2003 година Европската комисија води Паневропска информативна кампања под мотото „За различностите - против дискриминацијата". Кампањата има годишен буџет од околу 4 милиони евра, а со цел да ги информира луѓето за нивните права и одговорности согласно законодавството на ЕУ за антидискриминација.

Европската комисија обезбедува финансиска поддршка за национални кампањи за подигање на јавната свест преку програмата „ПРОГРЕС“, како и поддршка за обука на стручни лица, невладини организации и социјални партнери.

Последното испитување за прашањата од областа на дискриминацијата се спроведе во периодот од 29 мај до 15 јуни 2009 година, на 26.756 луѓе од 30 земји. За првпат беа воведени нови прашања, особено за да се оцени влијанието на економската рецесија врз нивото на дискриминацијата. Исто така, за првпат, покрај 27-те земји-членки на ЕУ, во испитувањето беа вклучени и земјите кандидати, меѓу кои и Република Македонија.

21 ноември 2009 година

## НОВИОТ ЛИДЕРСКИ ТИМ НА ЕУ



На средбата што се одржа на 19 ноември 2009 година во Брисел, лидерите на земјите-членки на Европската унија со големо задоволство го потенцираа значењето на Лисабонскиот договор, кој влегува во сила на 1 декември 2009 година. Договорот го поставува темелот за подемократска, поефикасна и потранспарентна Европска унија, овозможувајќи подобро справување со претстојните предизвици.

Лисабонскиот договорот предвидува две функции, постојан претседател на Европскиот совет и висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика. На средбата во Брисел, лидерите на земјите-членки на ЕУ постигнаа политички договор, Херман Ван Ромпуј да ја извршува функцијата иден претседател на Европскиот совет, со мандат од две и пол години и право на еден реизбор. Изборот ќе го изврши Европскиот совет.

Функцијата висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика ќе ја врши Катрин Ештон, со мандат од пет години и право на реизбор. Именувањето ќе го изврши Европскиот совет, во согласност со претседателот на Комисијата.

Формалните одлуки за именувањата ќе се донесат по стапувањето во сила на Лисабонскиот договор.

21 ноември 2009 година

## СОВЕТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Советот на Европската унија на 20 ноември 2009 година усвои пропис за дополнување на правната рамка за козметичките производи на внатрешниот пазар на Унијата.

Прописот ги обединува постојните 55 директиви во една единствена регулатива, ги поедноставува процедурите што се однесуваат на продажбата и безбедноста на козметиката. Ова правило ќе претставува заеднички европски законик за козметички производи, ќе придонесе за намалување на неизвесноста од различната имплементација на претходните директиви во земјите-членки.

За европските компании кои се лидери на пазарот за козметика, ова правилото ќе овозможи подинамично спроведување на процедурите, како и намалување на административните бариери и трошоци.

Единствената примена на правилата е во интерес на потрошувачите, за подобра координацијата на надзорот над активностите на пазарот и за зајакнување на одговорностите на економските оператори во поглед на обезбедување на повисоко ниво на заштита на потрошувачите.

21 ноември 2009 година

**ДВАЕСЕТГОДИШНИНА ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА**




Во 1989 година Конвенцијата за правата на децата стана прва меѓународна правна и обрзувачка конвенција за афирмација на човековите права за сите деца.

По повод 20-годишнината од донесувањето на Конвенцијата за правата на децата, Претседателството на Европската унија уште еднаш ја потврди важноста на оваа Конвенција, која заедно со факултативните протоколи ги одредува стандардите за унапредување и заштита на правата на децата.

Конвенцијата за правата на децата претставува значаен документ кој фундаментално го промени ставот и начинот на размислување на меѓународната заедница, владите, невладините организации, за децата и нивните права.

Како и повеќето ратификувани меѓународни договори за човековите права, Конвенцијата ги претставува обврските за правата на децата од глобален аспект. Секое дете треба да ги ужива своите човекови права преку примената на заложбите на Конвенцијата.

Претседателството потенцира дека Европската унија е целосно посветена да се соочи со предизвиците и подготвена да работи со партнерите за исполнување на заедничките ветувања за подобра иднина на децата во светот.

27 ноември 2009 година

## ДЕКЛАРАЦИЈА ОД ВИСБИ - ВЛИЈАНИЕ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЕУНИЈА 2015

Во организација на Шведското претседателство на 10 ноември во Висби, Шведска, беше одржана Конференција посветена на Информатичкото општество, која имаше за цел да се покренат значајни прашања од идната ЕУ агенда во областа на Информатичките и комуникациските технологии (ИКТ).

На Конференцијата присуствуваа претставници на Европската комисија, земјите членки, земјите кандидати за членство во ЕУ и потенцијалните земји кандидати, како и претставници од индустријата и други заинтересирани страни.

Развојот на ИКТ, новите софтвери, услуги и развојот на интернетот продолжуваат да придонесуваат за одржлив економски раст, нови вработувања и развој на општеството на ЕУ. Интернетот треба да биде алатка на демократијата, да овозможува отворена дискусија и слобода на изразување во согласност со меѓународните стандарди во поглед на човековите права. Интернетот треба да биде клучна компонента во развојот на политиките, да обезбеди подобри услуги за граѓаните и да придонесе за развој на демократијата, медиумите и поефикасен бизнис.

Поставената цел на Европската унија е амбициозна - Европа како најдинамична економија во светот заснована врз конкурентни знаења преку користење на ИКТ и исполнување на одговорностите во однос на животната средина. За да се постигне оваа цел, треба да се пронајдат начини за унапредување на креативноста што ќе во иднина ќе генерира современи ИКТ услуги како и заложби за создавање на европски еко-систем.

Во иднина агендата на Европската унија во однос на прашањата за ИКТ ќе ги следи следниве области:

1. Потребата од интегриран и хоризонтален пристап кон ИКТ политиките,
2. ЕУ мора да ги искористи придобивките од единствениот Европски дигитален пазар како можност за основање на бизнис.

3. Предуслов за формирање на европско општество на знаење е сите корисници да имааат пристап до жични и безжични широкопојасни мрежни технологии.
4. Земјите членки треба да го промовираат користењето на интенетот преку градење на вештини и поттикнување на професионална употреба на интернет во училиштата и на работните места.
5. ЕУ треба да ги зајакне напорите за стимулирање на дигиталните технологии преку превземање на мерки за подигнување на социјалната вклученост во дигиталната технологија, преку информациите, образованието и засиленото учество.
6. Поддршката на отворен интернет и воведување на транспарентни насоки за мрежната неутралност се важни за градењето на Европското општество на знаење.
7. Со дополнително намалување на трансакциските трошоци, ИКТ ќе го одржуваат значителнио потенцијал за градење на единствен пазар на нови производи и услуги, што ќе придонесе во конкурентноста на европските бизниси.
8. Земјите членки треба да го разгледаат системот на правото на интелектуална сопственост, да обезбедат балансирани решенија во интерес на корисниците на правата.
9. ЕУ треба да воведе амбициозна агенда за истражување, развој и иновации, посветувајќи особено внимание на корисниците.
10. Земјите членки и институциите треба да се движат кон создавање на лесно достапни податоци во отворен дигитален формат, во интерес на претприемништвото, истражувањето и транспарентноста.
11. Пристапот и повторната употреба на информациите од јавниот сектор треба да се подобрат, директивите од оваа област треба да се прошират.
12. Треба да се поттикнат отворени платформи за иновации и развојни услуги за јавна и комерцијална употреба. 13. ИКТ има клучна улога во однос на подобрувањето на ефикасноста на јавниот сектор. Земјите членки треба да бараат начини за формирање на Е-здравство и Е-влади.
13. Министерска декларација од Малме за Е-влада е важен темел за подобрената соработка и со цел да се зголеми потенцијалот и да се поддржи транзицијата на Е-влада во водечката економија, базирана на знаење.

14. ЕУ мора итно да одговори на предизвиците од животната средина преку пронаоѓање на „зелени решенија“ во ИКТ и надвор од сферата на ИКТ, преку мерки кои го вклучуваат транспортот, енергијата, индустриското производство, домувањето.
15. „Зелената перспектива“ за политиката на ИКТ е неопходна, но не е доволна. Потребно е да се изврши проверка на нејзината примена и менаџирањето, преку ЕУ институциите во насока на унапредување, ефикасен развој и имплементација на политиките за поддршка на европското општество базирано на знаење со „зелена перспектива“.
16. Земјите членки треба да очекуваат и да бидат подготвени за структурни промени преку кои ќе треба да го оценат напредокот и да известат за поставените цели, како отворање на нови работни места и исполнување на целите поврзани со животната средина.

Петок, 27 ноември 2009 година

**УСВОЕН ПАКЕТОТ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ**



На 25 ноември 2009 година во Стразбург, шведскиот министер за комуникации Аса Торстенсон и претседателот на Европскиот парламент Јержи Бузек го потпишаа Пакетот за телекомуникации.

Телекомуникацискиот пакет на 5 ноември оваа година ја доби согласноста од Советот на министри и Европскиот парламент. На 19 ноември беше усвоен од Советот на министри, а на 24 ноември и од Европскиот парламент.

Пакетот за телекомуникации ќе ја зајакне конкурентноста и заштитата на потрошувачите во Европа, води до пониски цени и подобри услуги. Неговото воведување е победа за потрошувачите во Европа.

Откако е завршен процесот на донесување на одлуките и потпишувањето на текстот, земјите-членки имаат рок од 18 месеци да ја воведат легислатива во националните законодавства. Со влегувањето во сила на новите регулативи ќе се намали несигурноста меѓу претпријатијата, со што ќе се олеснат и инвестициите.

Понеделник, 30 ноември 2009 година

**СОВЕТОТ НА МИНИСТРИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ПРАВДА, ДЕНЕСКА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА СИМНУВАЊЕ НА ШЕНГЕНСКАТА БАРИЕРА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА И ЦРНА ГОРА**



Со одлуката се дополнува регулативата 539/2001 на ЕУ, односно трите земји се префрлаат од „црната“ на „белата“ Шенген листа.

Одлуката ќе важи од 19 декември 2009 година само за лица кои поседуваат биометриски патни исправи. Визната либерализација на граѓаните на Република Македонија ќе им овозможи да патуваат во земјите-членки на Европската унија со исклучок на Велика Британија и Ирска. Безвизниот режим ќе се применува и за Норвешка, Швајцарија и Исланд, земји кои не се членки на ЕУ.

Визната либерализација се однесува за краткотраен престој во земјите на ЕУ, најмногу до 90 дена во рок од шест месеци или до 180 дена во рок од една година.

Укинувањето на визниот режим следува по препораките на Европската комисија и усвоената Резолуција од страна на Европскиот парламент со која се предлага укинување на визите за државјаните на трите балкански земји.